**До: Општина Демир Хисар**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Дали Општина Демир Хисар има донесено било каков посебен стратешки/програмски/акциски документ кој се однесува или вклучува противпожарна заштита (доколку има да се достави електронска верзија од документот или линк каде истиот е објавен);
- Дали постојат одлуки на Советот на Општина Демир Хисар кои се однесуваат на секторот противпожарна заштита во периодот 2023/2024 година (доколку има да се достави електронска верзија или линк каде се објавени);
- Колку средства од Буџетот на Општина Демир Хисар се издвоени за секторот противпожарна заштита во 2023, а колку во Буџетот за 2024 и за што се истите наменети.
- Дали ТППЕ Демир Хисар покрива и други општини освен матичната, колку интервенции годишно (во 2023 и 2024) се направени вкупно од ТППЕ Демир Хисар, а колку од нив се на територијата на други општини.
- Колку се трошоците на годишно ниво на ТППЕ Демир Хисар за гаснење на пожари на териториите на други општини.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**[redacted], 05.08.2024 година .**

[redacted]

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO Box 561 тел/phone +389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

**Датум:** 06.08.2024

**ДО:** [redacted]

[redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-732/1, 05.08.2024 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

--------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 05.08.2024 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со противпожарната заштита при Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со противпожарната заштита при Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 05.08.2024 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 05.08.2024 година под архивски број 18-731/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 06.08.2024 година, под бр. 18-732/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресури

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

1. Општина Демир Хисар има изработено оперативни документи по работни односи кои се однесуваат на противпожарната заштита и истите се достапни на интернет страницата на Општина Демир Хисар на следниов линк: https://demirhisar.gov.mk/javni-pretprijatija-i-instituczii/tppe-demir-hisar/

2. Советот на Општина Демир Хисар како посебни документи во областа на противпожарната заштита има донесено:

-Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на Општина Демир Хисар https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/08/proczenka-na-zagrozenost-od-prirodni-nepogodi-i-drugi-nesreki.pdf

-План за заштита и спасување од пожари на Општина Демир Хисар https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/08/plan-za-zashtita-i-spasuvane-pozhari.pdf

-План за заштита и спасување на Општина Демир Хисар-прва медицинска помош https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/08/plan-za-zashtita-i-spasuvane-prva-mediczinska-pomosh.pdf

-План за заштита и спасување-згрижување и евакуација на Општина Демир Хисар https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/08/plan-za-zashtita-i-spasuvane-zgrizhuvane-i-evakuaczija.pdf

-Формирана е комисија за проценка и утврдување на штети од елементарни и непогоди https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/09/sluzben-glasnik-br-09-od-18.04.2022.pdf

3. Во Буџетот за 2023 година за противпожарна заштита се предвидени: 6.440.000 денари, од кои за плати и надоместоци на плати се предвидени 6.047.000 денари, за стоки и услуги се предвидени 193.000 денари а за субвенции и трансфери 200.000 денари. Од овие средства 4.000.000 се од дотација а 2.440.000 се од сопствени извори.

Во Буџетот за 2024 година за противпожарна заштита се предвидени: 7.683.300 денари, од кои за плати и надоместоци на плати се предвидени 7.355.000 денари а за стоки и услуги се предвидени 328.000 денари. Од овие средства 5.052.000 се од дотација а 2.631.000 се од сопствени извори.

4, ТППЕ Демир Хисар ја покрива единствено територијата на Општина Демир Хисар но при потреба се вклучува за интервенции и во соседните општини.

5. ТППЕ Демир Хисар во текот на 2023 и 2024 година имаше само една интервенција на територија на друга општина и тоа како припомош на Општина Ресен а трошокот за таа интервенција изнесуваше вкупно 15.000 денари од кои 10.000 денари за гориво и 5.000 денари исплатни како надоместок за прекувремена работа за 5 пожарникари.Овие трошоци беа на товар на Општина Демир Хисар.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурси

----------------------------------------